Врз основа на член 36 став 1 точка 3 и член 64 став 1 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), градоначалникот на Општина Центар-Скопје донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на Програмата за комунални дејности**
**на Општина Центар-Скопје за 2025 година**

Се објавува Програмата за комунални дејности на Општина Центар-Скопје за 2025 година,

што Советот на Општина Центар-Скопје ја донесе на 43. седница, одржана на 27.12.2024 година.

Бр. 09-5795/31
27.12.2024 година
С к о п ј е

ГРАДОНАЧАЛНИК
на Општина Центар-Скопје
м-р Горан Герасимовски

Врз основа на член 22 став 1 точка 4 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02 и „Службен весник на РСМ" бр. 202/24) и член 15 став 4 и член 26 точка 12 од Статутот на Општина Центар-Скопје („Службен гласник на Општина Центар-Скопје" бр. 1/06; 12/15; 9/19; 14/19; 1/21 и 11/21), Советот на Општина Центар-Скопје на 43. седница, одржана на 27.12.2024 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ ЗА 2025 ГОДИНА

**ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**

**I. Ј00 - Одржување на урбана опрема**
**II. ЈН0 - Урбана опрема (капитални расходи)**
**III. Ј30 - Јавно осветлување**
**IV. Ј40 - Јавна чистота**
**V. Ј60 - Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќајот**
**VI. Ј70 - Одржување и користење на паркови и зеленило**
**VII. ЈМ0 - Паркови и зеленило (капитални расходи)**
**VIII. Ј80 - Други комунални услуги**
**IX. Ј90 - Субвенции за јавни комунални претпријатија**
**X. ЈД0 - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици**
**XI. ЛА0 - Спорт и рекреација (капитални расходи)**
**XII. ГД0 - Проекти за енергетска ефикасност**

**ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР-СКОПЈЕ**

**Со оваа Програма се уредуваат:**

**I. Извори за финансирање на Програмата**
**II. Пресметување на трошоците за комунални дејности**
**III. Преодни и завршни одредби**

### I. ИЗВОРИ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Програмата за комунални дејности за 2025 година се финансира од Буџетот на Општина Центар-Скопје за 2025 година, со приливи од: надоместок за уредување на градежно земјиште, комунална такса за улично осветлување, надоместок за утврдување правен статус на бесправно изградени објекти, трансфери од владини институции - Агенција за државни патишта.

## II. ТРОШОЦИ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И РАСХОДИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА

Според намената и по поединечни видови, елементи за комунални дејности на Општина Центар-Скопје се:

**J00 - Одржување на урбана опрема**

| J | | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | Планирано |
|---|---|---|---|
| | J00 | **Одржување на урбана опрема** | **3.000.000,00** |
| | 424390 | **Одржување на други градби** | **3.000.000,00** |
| | | **Одржување на урбана опрема:** клупи, канти, огради, жардиниери, заштитни огради, метални и бетонски столпчиња, метални обрачи, решетки, чешми и фонтани и др. | 2025 |

**JH0 - Урбана опрема (капитални расходи)**

| J | | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | Планирано |
|---|---|---|---|
| | JH0 | **Урбана опрема** | **10.260.000,00** |
| | 482920 | **Изградба на други објекти** | **10.000.000,00** |
| | | **Набавка (изградба) на урбана опрема**: клупи, канти, чешми и фонтани, заштитни огради, метални и бетонски столпчиња, паркинг за велосипеди, жардиниери, летниковци, заштитни огради за дрвја, маси со обележани полиња за шах, ламелирани табли за детски и за спортски игралишта, реквизити за детски игралишта, подни заштитни решетки за дрвја, алуминиумски, гусани, PVC, седала од дрвени елементи, гумени подови за детски игралишта, чешми и фонтани и др. | 2025 |
| | - | Попис на урбана опрема на територија на Општина Центар | 2025 |
| | 482940 | **Надзор над изградба** | **260.000,00** |
| | | Стручен надзор над изградба на урбана опрема | 2025 |

**J30 - Јавно осветлување**

| J | | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | Планирано |
|---|---|---|---|
| | J30 | **Јавно осветлување** | **31.000.000,00** |
| | 421110 | **Електрична енергија** | **19.000.000,00** |
| | | Потрошена електрична енергија за улично осветлување и потрошена ел. енергија за Општина Центар | 2025 |
| | 424390 | **Одржување на други градби** | **8.000.000,00** |
| | | Одржување на јавното осветлување на територија на Општина Центар-Скопје | 2025 |
| | 426990 | **Новогодишно украсување** | **4.000.000,00** |
| | | Новогодишно украсување на територија на Општина Центар | 2025 |

**J40 - Јавна чистота**

| J | | КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ | Планирано |
|---|---|---|---|
| | J40 | **Јавна чистота** | **36.900.000,00** |
| | 423310 | **Униформи** | **400.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | Набавка на униформи за работниците за одржување на хигиената | 2025 |
| | **423320** | **Обувки** | **200.000,00** |
| | | Набавка на обувки за работниците за одржување на хигиената | 2025 |
| | **423810** | **Ситен инвентар** | **600.000,00** |
| | | Рачен и градинарски алат за работниците за одржување на хигиената: алати, лопати, метли, канти за отпадоци, потрошен материјал, четкици за метларките и др. | 2025 |
| | **426990** | **Други оперативни расходи** | **700.000,00** |
| | | Депонирање на комунален отпад до депонија | 2025 |
| | **464990** | **Други трансфери** | **35.000.000,00** |
| | | Трансфери до ЈП ПОЦ | 2025 |

**Ј60 - Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќајот**

| **Ј** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **Планирано** |
|---|---|---|---|
| | **Ј60** | **Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќајот** | **19.000.000,00** |
| | **424320** | **Одржување на улици и на патишта** | **19.000.000,00** |
| | | **Одржување на улици и на патишта на територија на Општина Центар-Скопје** | **Планирано** |
| | | Реконструкција и санација на ударни дупки и реконструкција на јавни површини изработени од асфалт | 2025 |
| | | Чистење снег и мраз од коловозот во зимски услови на подрачјето на Општина Центар-Скопје | 2025 |

**Ј70 - Одржување и користење на паркови и на зеленило**

| **Ј** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **Планирано** |
|---|---|---|---|
| | **Ј70** | **Одржување и користење на паркови и на зеленило** | **3.000.000,00** |
| | **424390** | **Одржување на други градби** | **3.000.000,00** |
| | - | Одржување на парковите, јавните зелени површини и на системите за полевање на територија на Општина Центар-Скопје | 2025 |
| | - | Замена на исушените садници и на блоковското зеленило, по потреба | 2025 |
| | - | Изработка на стратегија за одржување и развој на целото зелнило | 2025 |

**ЈМ0 - Паркови и зеленило (капитални расходи)**

| **Ј** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **Планирано** |
|---|---|---|---|
| | **ЈМ0** | **Паркови и зеленило** | **19.900.000,00** |
| | **482910** | **Подготвување на проекти за хортикултурно уредување** | **300.000,00** |
| | | | |
| | **482930** | **Реконструкција на други објекти** | **19.200.000,00** |
| | | **Реконструкција на зелените површини и на блоковското зеленило** | **Планирано** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | ул. Орце Николов | 2025 |
| | | Парк на кружен тек, ул. Н.Н.Борче | 2025 |
| | | Парк „Вера Јоциќ", на потег од Влада на Република Северна Македонија до кеј на река Вардар | 2025 |
| | | Сквер Јадран, ул. Никола Вапцаров | 2025 |
| | | Зелени површини на потег од Зелен пазар до бул. Мито Хаџивасилев Јасмин, зад АвтоМакедонија | 2025 |
| | | ул. Ацо Караманов бр. 2, пред објектот на градинката „Кочо Рацин", Водно | 2025 |
| | | зад Билна аптека до ООУ „Димитар Миладинов" кон Јужен булевар | 2025 |
| | | Зелени површини во Дебар Маало, на потег од ул. Рузвелтова кон ул. Ѓорѓи Пулевски | 2025 |
| | | Парк на франкофонија (парк Опатија) | 2025 |
| | | помеѓу ул. Народен фронт и ул. Васил Ѓоргов околу Зебра во Капиштец | 2025 |
| | | Парк на новинарите, спроти НИП Нова Македонија | 2025 |
| | | Урбан парк на ул. Железничка | 2025 |
| | | Жардиниери на ул. Даме Груев | 2025 |
| | | Хортикултурно и партерно уредување во населба Капиштец од паркинг кај Зебра до парк Капиштец (средства обезбедени од Влада на РСМ) | 2025 |
| | | Реконструкција на зелените површини во основните училишта и во детските градинки | 2025 |
| | | Реконструкција на зелените површини по потреба | 2025 |
| | - | **Изградба на паркови за миленици** | **Планирано** |
| | | Изградба на паркови за миленици | 2025 |
| | **482940** | **Надзор на изградба** | **400.000,00** |
| | | Стручен надзор над изградбата и реконструкцијата на зелените површини и на блоковското зеленило | 2025 |

### J80 - Други комунални услуги

| **J** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **Планирано** |
|---|---|---|---|
| | **J80** | **Други комунални услуги** | **500.000,00** |
| | **424230** | **Дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територија на Општина Центар-Скопје** | **500.000,00** |
| | | Дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територија на Општина Центар-Скопје и во основните училишта и во детските градинки | 2025 |

### J90 - Субвенции за јавни комунални претпријатија

| **J** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | **Планирано** |
|---|---|---|---|
| | **J90** | **Одржување на простори за паркирање Субвенции за јавни претпријатија** | **15.000.000,00** |
| | **461130** | **Субвенции за јавни комунални претпријатија** | **15.000.000,00** |
| | | Субвенции за јавно комунално претпријатие ЈП ПОЦ -Скопје | 2025 |

## ЈД0 - Изградба и реконструкција на локални патишта и улици

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ј** | | **КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ** | | **Планирано** |
| | **ЈД0** | **Реконструкција на патишта и улици** | | **46.400.000,00** |
| | **482110** | **Подготвување проекти, вклучително дизајн на улици и патишта** | | **3.000.000,00** |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за водоводна мрежа** | | **Планирано** |
| | | спој на ул. Ацо Караманов со ул. Партение Зографски | L=100,00 м' | 2025 |
| | | ул. 59 - од ул. Вардарска до ул. Ѓуро Ѓоновиќ | L=170,00 м' | 2025 |
| | | ул. Вардарска - од ул. Преспанска до бул. Никола Карев | L=400,00 м' | 2025 |
| | | ул. Прилепска - од ул. 59 до бул.Никола Карев | L=110,00 м' | 2025 |
| | | ул. Црниче 1 | L=150,00 м' | 2025 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2025 |
| | | ул. Дебарца (од ул.Ленинова до студенстски дом К.Ј.Питу - средства обезбедени од Влада на РСМ) | / | 2025 |
| | | Проекти и ревизија на проекти за водоводна мрежа | / | 2025 |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за фекална мрежа** | | **Планирано** |
| | | крак на ул. Славејко Арсов по исклучување на ул. Тасино Чешмиче | L=150,00 м' | 2025 |
| | | крак на ул.Тодор Александров (Салвадор Аљенде) | L=150,00 м' | 2025 |
| | | ул. Вардарска - од ул. Преспанска до бул. Никола Карев | L=400,00 м' | 2024 |
| | | ул. 59 - од ул. Вардарска до ул. Ѓуро Ѓоновиќ | L=220,00 м' | 2025 |
| | | ул. Прилепска - од ул. 59 до бул. Никола Карев | L=110,00 м' | 2025 |
| | | ул. Црниче 1 | L=150,00м' | 2025 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2025 |
| | | ул. Дебарца (од ул.Ленинова до студенстски дом К.Ј.Питу - средства обезбедени од Влада на РСМ) | / | 2025 |
| | | Проекти и ревизија на проекти за фекална мрежа по потреба | / | 2025 |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за атмосферска мрежа** | | **Планирано** |
| | | крак на ул. Славејко Арсов по исклучување на ул. Тасино Чешмиче | L=150,00 м' | 2025 |
| | | крак на ул. Тодор Александров (Салвадор Аљенде) | L=150,00 м' | 2025 |
| | | ул. Вардарска - од ул. Преспанска до бул. Никола Карев | L=500,00 м' | 2025 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ул. 59 - од ул. Вардарска до ул. Ѓуро Ѓоновиќ | L=220,00 м' | 2025 |
| | | ул. Прилепска - од ул. 59 до бул. Никола Карев | L=110,00 м' | 2025 |
| | | ул. Периша Савелиќ дел 2 - од ул. Тодор Александров | L=200,00 м' | 2025 |
| | | ул. Новопланирана 2 - крак на ул. Мирослав Крлежа | L=112,00 м' | 2025 |
| | | ул. Црниче 1 | L=150,00 м' | 2025 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2025 |
| | | ул. Дебарца (од ул.Ленинова до студенстски дом К.Ј.Питу - средства обезбедени од Влада на РСМ) | / | 2025 |
| | | Проекти и ревизија на проекти за атмосферска мрежа по потреба | / | 2025 |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за коловоз** | | **Планирано** |
| | | ул. Димитар Беровски - од ул. Партение Зографски до ул. Црниче | P=1.500 $m^2$ | 2025 |
| | | ул. Вардарска - од ул. Преспанска до бул. Никола Карев | P=4.300 $m^2$ | 2025 |
| | | ул. 59 - од ул. Вардарска до ул. Ѓуро Ѓоновиќ | P=1.250 $m^2$ | 2025 |
| | | ул. Прилепска - од ул. 59 до бул. Никола Карев | P=980 $m^2$ | 2025 |
| | | крак на ул. Славејко Арсов по исклучување на ул. Тасино Чешмиче | P=600 $m^2$ | 2025 |
| | | ул. Периша Савелиќ дел 2 - од ул. Тодор Александров | P=1.200 $m^2$ | 2025 |
| | | ул. Новопланирана 2 - крак на ул. Мирослав Крлежа | P=720 $m^2$ | 2025 |
| | | ул. Црниче 1 | P=1.500 $m^2$ | 2025 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2025 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ул. Дебарца (од ул.Ленинова до студенстски дом К.Ј.Питу - средства обезбедени од Влада на РСМ) | / | 2025 |
| | | ул.Ленинова (од бул.Партизански Одреди до Градски Парк) | / | 2025 |
| | | Проекти и ревизија на проекти за коловоз по потреба | / | 2025 |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за тротоари, пешачки и велосипедски патеки, архитектонски бариери и огради и партерно уредување** | | **Планирано** |
| | | Проект за партерно уредување на Парк на франкофонијата (парк Опатија) | P=1.500 $m^2$ | 2025 |
| | | Проект за партерно уредување помеѓу ул. Народен фронт и ул. Васил Ѓоргов околу Зебра во Капиштец | P=1.000 $m^2$ | 2025 |
| | | Партерно уредување на плочници во Градски ѕид блок 3 P=1.500 $m^2$ и блок 6 P=1.000 $m^2$ | P=2.500 $m^2$ | 2025 |
| | | Партерно уредување на плочници во Градски ѕид блок 2 P=1.760 $m^2$ и блок 7 P=1.150 $m^2$ | P=2.910 $m^2$ | 2025 |
| | | Партерно уредување на плочници во Градски ѕид блок 1 P=1.600$m^2$ и блок 8 P=1.150 $m^2$ | P=2.750 $m^2$ | 2025 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Пешачка патека помеѓу ул. Славејко Арсов и ул. Салвадор Аљенде | P=210 $m^2$ | 2025 |
| | | Реконструкција на тротоарите во Дебар Маало на улиците:<br>ул. Коле Неделковски<br>ул. Антоние Грубишиќ<br>ул. Наум Наумовски Борче<br>ул. Дебарца | P=1.100 $m^2$ | 2025 |
| | | Реконструкција и санација на асфалтирана површина, тротоари и жардиниери (хидроизолација) во Градски ѕид блок 4 | / | 2025 |
| | | Реконструкција и санација на асфалтирана површина, тротоари и жардиниери (хидроизолација) во Градски ѕид блок 3 | / | 2025 |
| | | Реконструкција и санација на асфалтирана површина, тротоари и жардиниери (хидроизолација) во Градски ѕид блок 2 | / | 2025 |
| | | Реконструкција и санација на асфалтирана површина, тротоари и жардиниери (хидроизолација) во Градски ѕид блок 1 (зелено пазарче) | / | 2025 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Реконструкција (санација) на пешачка улица - скали (ул. Загрепска 7 и ул. Караорман) | / | 2025 |
| | | Партерно и хортикултурно уредување на ул.Мајаковски-детско игралиште | / | 2025 |
| | | Преодни јавни површини - зони за социјална интеракција на територија на Општина Центар | / | 2025 |
| | | Проекти и ревизија на проекти за тротоари, пешачки и велосипедски патеки, архитектонски бариери и огради и партерно уредување по потреба | / | 2025 |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за сообраќајни планови, сообраќајни проекти, проекти за режим на сообраќај и проекти за обележување** | | **Планирано** |
| | | Сообраќајни проекти за траен режим на сообраќај за паркинзи на јавни површини | / | 2025 |
| | | Изработка на проекти за смирување на сообраќај на одредени улици и локалитети | / | 2025 |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за изградба на пристапни рампи** | | **Планирано** |
| | | Проекти и ревизија на проекти за изградба на пристапни рампи за лица со попреченост | | 2025 |
| | | **Проекти и ревизија на проекти за зони за миленици** | | **Планирано** |
| | | Проекти и ревизија на проекти за зони за миленици | | 2025 |
| | | **Геодетски елаборати** | | **Планирано** |
| | | Геодетски елаборати, по потреба | | 2025 |
| | | **Хидротехнички услови** | | **Планирано** |
| | | Хидротехнички услови, по потреба | | 2025 |
| | | **Елаборат за геомеханички истражувања на површината** | | **Планирано** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Елаборати за геомеханички истражувања на површината, по потреба | | 2025 |
| | | **Проектна документација за дислокација на инфраструктурни системи** | | **Планирано** |
| | | Проектна документација за дислокација на инфраструктурни системи, по потреба | | 2025 |
| | **482130** | **РЕКОНСТРУКЦИЈА НА УЛИЦИ И ПАТИШТА** | | **43.000.000,00** |
| | | **Реконструкција на водоводна мрежа** | | **Планирано** |
| | | ул. Вардарска | L=400,00 м' | 2025 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2025 |
| | | ул. Дебарца<br>(од ул.Ленинова до студенстски дом К.Ј.Питу - средства обезбедени од Влада на РСМ) | / | 2025 |
| | | Реконструкција на водоводна мрежа на локации по потреба | / | 2025 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **Реконструкција на фекална мрежа** | | **Планирано** |
| | | ул. Вардарска | L=400,00 м' | 2025 |
| | | крак на ул. Славејко Арсов по исклучување на ул. Тасино Чешмиче | L=150,00 м' | 2025 |
| | | крак на ул. Тодор Александров | L=85,00 м' | 2025 |
| | | ул. Донбас и дел од ул. Андон Дуков и ул. Алберт Анштајн | L=150,00 м' | 2025 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2025 |
| | | ул. Дебарца<br>(од ул.Ленинова до студенстски дом К.Ј.Питу - средства обезбедени од Влада на РСМ) | / | 2025 |
| | | Реконструкција на фекална мрежа на локации по потреба | | |
| | | **Реконструкција на атмосферска мрежа** | | **Планирано** |
| | | крак на ул. Славејко Арсов по исклучување на ул. Тасино Чешмиче | L=150,00 м' | 2025 |
| | | крак на ул. Тодор Александров | L=85,00 м' | 2025 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2025 |
| | | ул.171- Крњево | / | 2025 |
| | | ул. Дебарца<br>(од ул.Ленинова до студенстски дом К.Ј.Питу - средства обезбедени од Влада на РСМ) | / | 2025 |
| | | Реконструкција на атмосферска мрежа на локации по потреба | / | 2025 |
| | | **Санација на инфраструктурни системи (водоводна, хидрантска, атмосферска и фекална канализација) на локации, по потреба** | | **Планирано** |
| | | | | 2025 |
| | | Санација на одводен канал за атмосферска канализација на ул. Страшо Пинџур бр.7 | | 2025 |
| | | Поставување-изградба на атмосферска канализација или изградба на одводен канал од ул.Загребска 7 до ул.Караорман | | 2025 |
| | | **Реконструкција на коловоз** | | **Планирано** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | ул. Вардарска | P=4.300 $m^2$ | 2025 |
| | | крак на ул. 11 Октомври (Пристапна улица кај Билна аптека) | P=1.600 $m^2$ | 2025 |
| | | крак на ул. Славејко Арсов по исклучување на ул. Тасино Чешмиче | P=600 $m^2$ | 2025 |
| | | ул. Браќа Кошулчеви | P=200 $m^2$ | 2025 |
| | | ул. Киро Гавриловски | P=1.600 $m^2$ | 2025 |
| | | ул. Димитар Беровски | P=1.500 $m^2$ | 2025 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Пристапна улица P=3.200 $m^2$ со тротоари P=2.550 $m^2$ на ул. Мито Хаџивасилев Јасмин | P=5.750 $m^2$ | 2025 |
| | | ул. Перишa Савелиќ - дел 2 | P=1.200 $m^2$ | 2025 |
| | | ул. Елисие Поповски (од ул. Водњанска до ул. Антон Панов) | P=528 $m^2$ | 2025 |
| | | Обиколница околу Градски стадион (од х. Парк до Работнички) | P=350 $m^2$ | 2025 |
| | | ул. Христо Смирненски | P=160 $m^2$ | 2025 |
| | | крак од ул. Караорман | P=450 $m^2$ | 2025 |
| | | ул. Црвена Вода - од бул. Партизански одреди до ул. Рузвелтова | P=2.500 $m^2$ | 2025 |
| | | ул.Кеј 13ти Ноември | / | 2025 |
| | | ул.171 - Крњево | / | 2025 |
| | | ул. Дебарца (од ул.Ленинова до студенстски дом К.Ј.Питу - средства обезбедени од Влада на РСМ) | / | 2025 |
| | | ул.Ленинова (од бул.Партизански Одреди до Градски Парк) | / | 2025 |
| | | Реконструкција- санација на паркинг кај Мр.Џек | / | 2025 |
| | | Реконструкција на коловоз на локации по потреба | / | 2025 |
| | | **Реконструкција на тротоари, пешачки и велосипедски патеки и архитектонски бариери и потпорни ѕидови** | | **Планирано** |
| | | Реконструкција на тротоари на ул. Орце Николов - од ул. Рузвелтова до бул. Св. Климент Охрдиски | P=12.000 $m^2$ | 2025 |
| | | Санација на коловоз и колско пешачки патеки на ул. Скопска, ул. 27 Март, ул. Н.Н.Борче и ул. 8. Ударна бригада | P= 6.000 $m^2$ | 2025 |
| | | Реконструкција на тротоари во Дебар Маало на улиците:<br>ул. Коле Неделковски P=104 $m^2$<br>ул. Антоние Грубишиќ P=340 $m^2$<br>ул. Наум Наумовски Борче P=436 $m^2$<br>ул. Дебарца P=220 $m^2$ | P=1.100 $m^2$ | 2025 |
| | | Партерно уредување на плочници во Градски ѕид блок 3 P=1.500 $m^2$ и блок 6 P=1.000 $m^2$ | P=2.500 $m^2$ | 2025 |
| | | Партерно уредување на плочници во Градски ѕид блок 2 P=1.760 $m^2$ и блок 7 P=1.150 $m^2$ | P=2.910 $m^2$ | 2025 |
| | | Партерно уредување на плочници во Градски ѕид блок 1 P=1.600 $m^2$ и блок 8 P=1.150 $m^2$ | P=2.750 $m^2$ | 2025 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Реконструкција (санација) на пешачка улица - скали (ул. Загрепска 7 и ул. Караорман) | / | 2025 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Санација и уредување на пролаз во објект позади собрание-градски ѕид ул.Даме Груев бр.3 влез 5 | / | 2025 |
| | | Преодни јавни површини - зони за социјална интеракција на територија на Општина Центар, на различни локации | / | 2025 |
| | | Пристапни рампи за лица со попреченост | / | 2025 |
| | | **Санација и реконструкција на тротоари, патеки, јавни површини и површини изработени од завршен слој од префабрикувани елементи на локации, по потреба** | | **Планирано** |
| | | Санација на потпорен ѕид на ул.Периша Савелиќ | | 2025 |
| | | Ослободување на дрвја (од асфалт, бехатон итн.) | | 2025 |
| | | **Сообраќајна опрема** | | **Планирано** |
| | | Сообраќајна опрема: катадиоптри, вештачки издадености, пешачка ограда и др. | | 2025 |
| | | **Сообраќајна сигнализација** | | **Планирано** |
| | | Хоризонтална сообраќајна сигнализација на територија на Општина Центар | | 2025 |
| | | Вертикална сообраќајна сигнализација на територија на Општина Центар | | 2025 |
| | **482940** | **Надзор над изградба и реконструкција на инфраструктура** | | **400.000,00** |
| | | Стручен надзор над изградба и реконструкција на инфраструктура | | 2025 |

## ЛА0 - Спорт и рекреација (капитални расходи)

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Л** | | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | **Планирано** |
| | **ЛА0** | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (капитални трошоци)** | **139.100.000,00** |
| | **482910** | **Подготвување проекти, вклучително дизајн на спортски и на детски игралишта** | **500.000,00** |
| | **482930** | **Реконструкција на спортски и на детски игралишта** | **135.100.000,00** |
| | | Реконструкција на спортски и на детски игралишта по потреба | 2025 |
| | | Реконструкција на спортска сала работнички | 2025 |
| | **482940** | **Надзор на изградба** | **3.300.000,00** |
| | | Стручен надзор над реконструкција на спортски и на детски игралишта | 2025 |

## ГД - Проекти за енергетска ефикасност

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Г** | | **Проекти за енергетска ефикасност** | **Планирано** |
| | **ГД0** | **Проекти за енергетска ефикасност** | **3.000.000,00** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | **464990** | **Субвенции за замена на покриви и поправка на лифтови и за реконструкција на фасади на колективни станбени згради и формирање на претпријатие за електрична енергија** | **3.000.000,00** |
| | | **Пријавување на заинтересирани заедници на сопственици на станови од подрачјето на Општина Центар за финасиска поддршка за поправка и санација на постојни кровни конструкции, постојни лифтови на станбени згради и за реконструкција на фасади на колективни станбени згради** | **Планирано** |
| | | Субвенционирање за замена на покриви на станбени згради<br>Субвенционирање за поправка на лифтови на станбени згради | 2025 |

ТРОШОЦИТЕ ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ И РАСХОДИТЕ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА ИЗНЕСУВААТ:

I. J00 - Одржување на урбана опрема
3.000.000,00 денари

II. JH0 - Урбана опрема (капитални расходи)
10.260.000,00 денари

III. J30 - Јавно осветлување
31.000.000,00 денари

IV. J40 - Јавна чистота
36.900.000,00 денари

V. J60 - Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќајот
19.000.000,00 денари

VI. J70 - Одржување и користење на паркови и зеленило
3.000.000,00 денари

VII. JM0 - Паркови и зеленило (капитални расходи)
19.900.000,00 денари

VIII. J80 - Други комунални услуги
500.000,00 денари

IX. J90 - Одржување на простори за паркирање - субвенции за јавни комунални претпријатија
15.000.000,00 денари

X. JД0 - Изградба и реконструкција на локални улици и патишта
46.400.000,00 денари

XI. ЛА0 - Спорт и рекреација (капитални расходи)
139.100.000,00 денари

XII. ГД0 - Проекти за енергетска ефикасност
3.000.000,00 денари

**ВКУПНО: (I, II, III, IV, V, VI, VII, VIII, IX, X, XI,XII) - вкупно буџет = 327.060.000,00 ден.**

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата на Програмата ја врши Градоначалникот на Општина Центар-Скопје преку Секторот за уредување на градежно земјиште, комунални работи и заштита на животната средина.

При реализација на Програмата ќе се води родова статистика со цел во иднина да допринесеме за подобро родово одговорно буџетирање во оваа област. Индикатори со кои ќе се следи реализацијата на програмата од родов аспект ќе биде бројот на корисници по пол кои се финансираат од оваа програма.

-Сектор за уредување на градежно земјиште,комунални работи и заштита на животната средина

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Потпрограма Ј00 Одржување на урбана опрема предвидува:**

- <u>Одржување и санација на оштетени клупи за седење</u>

Соочени со проблемот на физичко, како и со оштетувања од временските услови, неопходно е поставените клупи константно да се одржуваат, односно да се интервенира и да се изврши санација на даските на клупите, како и на носивната конструкција (ако е потребно).

- <u>Санација и замена на оштетени корпи за смет</u>

Освен тоа што бројот на корпи за смет на јавните површини во Општина Центар-Скопје е недоволен, постојните не се користат соодветно затоа што се оштетени и/или се надвор од функција. Санација (таму каде што е можно, замена на елементи за прицврстување) и замена на сад (таму каде што не е можна поправка) на оштетените корпи во согласност со потребата.

- <u>Одржување и санација на оштетени огради и други браварски работи</u>

Се работи за реконструкција на оградите за заштита на зеленилото, металните столпчиња, оградите во основните училишта и во детските градинки, како и други браварски работи и нивно тековно одржување.

**Потпрограма ЈН0 Урбана опрема предвидува:**

Планирани содржини што се од естетско-урбан карактер, како плоштади, шеталишта, платоа, паркови и друго, потребен е определен обем на нова урбана опрема, односно:

- Набавка и поставување на нови клупи за седење,
- Набавка и поставување на нови корпи за смет,
- Изградба и поставување на нови чешми за пиење вода,
- Изградба и поставување на нови огради,

- Изградба и поставување на нови заштитни столпчиња,
- Изградба и поставување на нови летниковци,
- Изградба и поставување на нови настрешници и др.

Планирано е да се изврши и Попис на урбаната опрема на територија на Општина Центар.

**Потпрограма Ј30 Јавно осветлување предвидува средства за :**

Потрошена електрична енергија - се предвидуваат средства што ќе бидат потрошени за плаќање на сметки за електрична енергија исто така се предвидуваат средства за континуирано (тековно) одржување и поправки на јавното осветлување.

**Потпрограма Ј40 Јавна чистота**

Со цел одржување на јавната чистота на високо ниво, Општина Центар-Скопје секоја година континуирано го продолжува проектот „Чиста и зелена Општина Центар".

Во текот на 2025 година планирани се трошоци за:

Заштитна опрема, облека и обувки,Набавка на алати и метли, телескопски пили, пили за сечење дрвја, тримери, косилки и дувалки,Трансфери до ЈП ПОЦ,Депонирање на комунален отпад до депонија.

**Потпрограма Ј6О Одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режимот на сообраќајот предвидува Одржување на улици и патишта и тоа:**

Санација на ударни дупки на коловозот и чистење снег и мраз од коловозот во зимски услови на подрачјето на Општина Центар-Скопје.

**Потпрограма Ј70 Одржување и користење на паркови и на зеленило**

Потпрограмата опфаќа одржување на паркови и на јавни зелени површини со системи за полевање, што се изградени во текот на минатите години, со цел да се овозможи нивна одржливост и да се намали уништувањето во текот на следните години.

По завршување на договорот за изградба и периодот на одржување од изведувачот, парковите и јавните зелени површини спаѓаат во надлежност на Општината. За одржување е потребно редовно косење, кроење на дрвја и грмушки, замена на садници, прихрана со ѓубриво, заштита на садници, како и одржување на изградените системи за полевање, замена на оштетени делови, сервисирање, пролетно пуштање во работа и исклучување во есен.

**Потпрограма ЈМО Паркови и зеленило**

Во текот на 2025 година планирани се активности за хортикултурно уредување на различни јавни површини, како и поставување на автоматски системи за полевање на јавните површини и садниците, со цел да се овозможи трајност и квалитетно одржување на површините во текот на следните години.

**Потпрограмата Ј80** предвидува дезинфекција, дезинсекција и дератизација на територија на Општина Центар-Скопје и во основните училишта и детските градинки.

**Потпрограмата Ј90** предвидува Субвенции за јавни комунални претпријатија на територија на Општина Центар-Скопје за ЈП Паркинзи на Општина Центар Скопје.

**Потпрограмата ЈД0** предвидува:

- Подготовка и изработка на проекти за изградба на комунална инфраструктура, јавно осветлување, коловоз, тротоари, пешачки и велосипедски патеки, паркиралишта и др.
- Изградба и Реконструкција на сервисни и станбени улици на територија на Општина Центар-Скопје.

Во делот на:

482 110 - Подготвување проекти, вклучувајќи дизајн на улици и патишта
Изработка на проекти, вклучувајќи дизајн на улици и патишта - изработка на проекти од комунална инфраструктура на територија на Општина Центар-Скопје, предвидени се средства во износ од 3.000.000,00 денари прикажани во табеларниот приказ.
Во овој дел предвидени се изработка на проекти и ревизија на истите за: водоводна, фекална, атмосферска, коловоз, тротоари, пешачки и велосипедски патеки и партерно уредување, сообраќајни планови, сообраќајни проекти, проекти за режим на сообраќај и проекти за обележување ,проекти за преодни јавни површини – зони за интеркација на територија на Општина Центар Скопје.

482 130 – Реконструкција на улици и патишта
Реконструкција на улици и патишта, предвидени се средства во износ од 43.000.000,00 денари прикажани во табеларниот приказ.

Во делот на реконструкција на улици и патишта предвидено е реконструкција на: водоводна, фекална, атмосферска, коловоз, тротоари, пешачки и велосипедски патеки и архитектонски бариери, предвидено е и партерно уредување на плочници , хортикултурно уредување, хоризонтална и вертикална сигнализација, преодни јавни површини – зони за интеркација во Општина Центар.

482 940 – Надзор над изградба и реконструкција
Предвидени се средства за стручен надзор над набројаните активности во износ од 400.000,00 денари.

**Потпрограмата ЛА0 - Спорт и рекреација (капитални трошоци)** предвидува проекти за спортски и детски игралишта и изгрдба и реконструкција на детски и на спортски игралишта, предвидени се средства во износ од 139.100.000,00 денари прикажани во табеларниот приказ.

**Потпрограмата ГД0** предвидени се средства во износ од 3.000.000,00 денари прикажани во табеларниот приказ за субвенционирање за замена на кровови на станбени згради субвенционирање за поправка на лифтови на станбени згради . Финансиите се обезбедуваат од 70% од Буџетот на Општина Центар-Скопје и 30% од Заедница на сопственици на станари.

Оваа Програма стапува во сила на денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Центар-Скопје".

Бр. 08-5795/30
27.12.2024 година
С к о п ј е

Совет на Општина Центар-Скопје
Претседател
Виолета Велковска